Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-470/3
29.07.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–470/1 од 25.06.2024 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација од страна на Ј.З.У. Здравствен дом на Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–470/1 од 25.06.2024 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

**Образложение**

На 25.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација од страна на Ј.З.У. Здравстевн дом на Скопје, во областа на работата и работните односи.

Во претставката подносителката наведува дека во Ј.З.У Здравствен дом на Скопје била вработена, имала 30 годишен стаж и каде веќе подолго време – децении, правното лице и ги ускратувало правата загарантиани со уставот и законските акти во самата институција. За промена на сите негативности [redacted] во низа наврати се обраќала до надлежните во институцијата. Обидот во рамки на институцијата да се решат состојбите, немањето правна поука, обврските во позитивна насока како наобразба на именуваната и придонес во пронаоѓаштвото, достигнувањата на национално и меѓународно ниво од една страна и очекувањата за правилна примена на законските норми и позитивен став за искористување на можностите за унапредување на институцијата од друга страна. Наведува дека во низа наврати имала предложено соработка како можност за искористување на европски проект – со бенефит за државата и за институцијата, барање за дополнителна работа на проект, но за сето ова на ниту едно барање не добила позитивен одговор.
Понатаму подносителката наведува дека за сите години наназад како резултат на непостапување по нејзините барања и укажувања во однос на нејзината здравствена состојба истата само се влошувала и резултирала со нарушена здрвавствена состојба од

стресови негативна работна средина, како што подносителката наведува и истакнува дека поради ова барала промена на работното место на кое барање на и било позитивно одговорено. Поради низа околности дошла до сознанија за постоење на Писмено насловено како Молба поради која добила и преместување. Наведува дека иако истата ја барала од вработените и претпоставените во Поликлиника Јане Сандански, за да се запознае со содржината – истата од нивна страна не и била доставена. Наведува дека во месец Октомври и пристигнала на домашна адреса и повела судска постапка, но поради пропут за доплата на судска такса не успела да ја реализира до крај. Именуваната побара од претпоставените во Ј.З.У Здравствен дом на Скопје да бидат санкционирани лицата односно вработените кои ваквата Молба ја доставиле и воедно побарала претпоставените да испратат известување до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен дека Решение било донесено без претходна консултација со именуваната.
Кон претставката се приложени барања, Одговори на Барања и Извештаи во фотокопие како доказ кон наводите на истата.

На 01.07.2024 година од страна на [redacted]а, на електронската адреса на Комисијата пристигната е електронска пошта со наслов "Претставка за дискриминација – З.Д.С – Прераспоредување на здравствен работник". Заведена е со број 08-470/2 од причина што во истата е наведено дека предметната претставка за дискриминација била резултат на дискриминаторскиот однос кој менаџерските тимови во Ј.З. У Здравствен дом на Скопје го практикувале последните 10 години а се однесувале на нејзини барања за прераспоредување на друго работно место. Наведува дека од претходно поднесените претставки за заштита од дискриминација можело да се заклучи дека долго време била изложена на дискриминација и мобинг поради што има нарушено здравје. Наведува дека во изминатите години имала поднесено повеќе барања за прераспоредување но на истите или недобивала одговор или одговорите биле негативни како последниот од 14.06.2024 година. Наведеното упатува дека оваа електронска порака се однесува на иста правна работа на која се однесува веќе поднесената претставка од 25.06.2024 година и кон неа се приложени докази кои се поднесени кон првоподнесената претставка за заштита од дискриминација.

Од наводите во претставката и поднесокот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не најде дека се изнесени факти и околности од кои е сторено веројатно дека врз подносителката е сторена дискриминација врз одредена дискриминаторска основа и следствено констатира дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, во врска со наводите во поднесената претставка, со оглед дека во конкретниот случај станува збор за спор од работен однос, Комисијата ја упатува подносителката да побара заштита на своите права пред надлежни институции, односно Државен инспекторат за труд.

Согласно изнесеното, се одлучи како во диспозитивнот на овој заклучок.

Скопје
29.07.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД